Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 40, 17 мај 2010 година

мај 2010 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор асистент за научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 6

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент од наставно-научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на еден помлад асистент/асистент за наставно-научното подрачје биологија, биохемија и физиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за наставно-научното подрачје хигиена на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 23

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научното подрачје фармација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 34

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звање предавач за наставната област логопедија на Високата здравствена школа при Факултетот за медицински науки во состав на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 39

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област кинезитерапија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 42

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област ортопедски болести на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 45

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент / асистент за наставно - научното подрачје фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 49

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научната уметничка област пијано, камерна музика и методика на наставата по клавишни инструменти на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 55

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за Наставно-уметничко подрачје пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 61

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник за наставно-научната уметничка област методика на наставата по народни ора на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 64

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент/асистент по група предмети од наставно-научната област правни науки на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 76

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент/асистент по група предмети од наставно-научната област граѓанско право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 79

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област уставно право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 85

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент/асистент по група предмети од наставно-научната област деловно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 89

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент/асистент по група предмети од наставно-научната област казнено право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 96

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник помлад асистент по група предмети од наставно-научната област теоретско-правни науки на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 100

**РЕФЕРАТ** за избор на лектор по германски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 104

**РЕФЕРАТ** За избор на двајца помлади лектори по англиски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 108

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад лектор по руски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 112

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебното помагало „Практикум по механизација во земјоделското производство“ од Ристо Кукутанов од Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип и асистент м-р Иле Цанев од Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје ..... 115

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот Механизација во земјоделското производство од авторите проф. Д-р Ристо Кукутанов од Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип и асистент м-р Иле Цанев од Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје ..... 118

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ПОМЛАД АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕЛОВНО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, на седницата одржана на 31.3.2010 година, донесе Одлука бр.1602-52/76 за формирање на Рецензентска комисија за избор на двајца соработници – ***помлади асистенти/асистенти***, по група предмети од наставно-научната област ***деловно право*** на Правниот факултет во состав:

1. д-р Стеван Алексоски – редовен професор (претседател);
2. д-р Војо Беловски – доцент (член);
3. д-р Љупчо Блажевски - доцент (член).

Рецензентската комисија по разгледувањето на приложените материјали и преземените активности, согласно со Законот за високото образование и актите на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет им го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс во весникот „Дневник“, објавен на 4.2.2010 година, за избор на двајца соработници - помлади асистенти/асистенти на Правниот факултет по група предмети од областа *деловното право* се пријавија пет кандидати: м-р Борка Тушевска, м-р Кристина Мишева, м-р Тоше Панов, Ефимија Вујовиќ и Деница Цебова-Радовановиќ.

Врз основа на Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Рецензентската комисија ги разгледа пристигнатите документи и констатира дека кандидатите навремено ја доставија својата пријава со потребните документи во предвидениот рок утврден во Конкурсот.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Борка Тушевска** е родена на 20 декември 1982 година во Гевгелија, Р. Македонија. Средно образование завршува во Средното општинско училиште „Богданци“ во Богданци, со одличен успех, на насоката општа гимназија. Во 2001 година се запишува на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, на правните студии. Дипломира на истиот Факултет на 4 април 2006 година, со просечен успех 9,70, како трета по успех во својата генерација. Во студиската 2006/2007 година се запишува на постдипломските студии по деловно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје. Испитите од постдипломските студии ги положува заклучно со 16 јуни 2008 година, со просечен успех 10. Во јули 2008 година пријавува изработка на магистерска теза од областа на трговското право. Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, темата за изработка на магистерски труд е прифатена како подобна и како ментор е определен проф. д-р Горан Коевски. На 12 ноември 2008 година е завршена менторската фаза од изработката на магистерскиот труд, додека на 21 ноември 2008 година со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје е формирана Комисија за оценка на магистерскиот труд, насловен „*Понудата и нејзината обврзност во меѓународната продажба“.* Во декември 2008 година, кандидатката Борка Тушевска на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје успешно го одбранува својот магистерски труд и се стекнува со звање ***магистер на правни науки од областа на деловното право***.

Веднаш по дипломирањето, кандидатката е ангажирана како адвокатски приправник во адвокатска канцеларија, каде што се запознава со практичната страна на правото. Од 15 ноември 2006 година до 1 јуни 2007 година кандидатката работи во Правната служба во АД Македонска банка – Скопје. На 3 јуни 2007 година со Одлука на Матичната комисија при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип е избрана во соработничкото звање помлад асистент на научната област *граѓанско право*, каде изведува вежби по предметите: Граѓанско право, Реторика и право, Трговско право и др.

***СПИСОК НА ОБЈАВЕНИ НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ***

1. *Меѓународно правни аспекти на понудата*. Монографија, Скопје, 2009.
2. *Молчењето како начин на изразување волја на понудениот*. Стручно списание „Правник“, април 2009.
3. *Општа понуда*. Стручно списание „Правник“, септември 2009.
4. *Правната способност на друштвото после отворањето на стечајната постапка*. Друштво за наука и уметност, Прилеп, март 2009.
5. *Мерки на одбрана од непријателско преземање*. Научно-стручно списание, Универзитет „Гоце Делчев – Штип, Економски факултет, 2009.
6. *Акредитивот како средство за плаќање во меѓународниот промет*. Зборник на Правен факултет, Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, 2009.
7. *Интерна скрипта* (коавторство) за вежби по предметот Право на друштва, Кочани, 2010.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Кристина Мишева** е родена на 11 април 1980 година во Штип. Средното образование завршува во Гимназија „Славчо Стојменски“ - Штип, со одличен успех. Дипломира на Правниот факултет „Јустинијан Први”, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје во академската 2002/2003 година и се стекнува со звање **дипломиран правник**.

Во академската 2003/04 година се запишува на постдипломски студии по деловно право на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје. Испитите од постдипломските студии ги положува со просечен успех 9,40 - заклучно со 18 октомври 2005 година. Во 2010 година магистрира на тема „*Инвестициски фондови - правни аспекти*“ при Правниот факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје и се стекнува со академски степен **магистер на правни науки, од областа на деловното право**.

Во текот на редовните студии, кандидатката активно е инволвирана во студентските организации при Правниот факултет - Скопје. Во 2001 и 2002 година е учесник – студентски претставник на два интернационални студентски собира (Р. Германија и Р. Норвешка).

По дипломирањето, кандидатката работи како волонтер во Основен суд - Штип во: Извршно, Кривично и Прекршочно одделение, како и во Одделот за работни спорови. Од 2004 до 2007 година работи во Комерцијална банка АД Скопје – Филијала Штип. За периодот од 2004 до 2008 година е избрана за судија – поротник при Основен суд – Штип.

Во април 2006 година кандидатката Кристина Мишева го положува правосудниот испит.

Од 2 јуни 2007 година со Одлука на Матичната комисија на Универзитет „Гоце Делчев – Штип, м-р Кристина Мишева е избрана во соработничко звање помлад асистент на теоретско-правни науки на Правниот факултет при Универзитетот „ Гоце Делчев“. Од изборот до денес активно е инволвирана во работата со студентите (вежби, консултации, изработка на семинарски трудови и есеи, обработка на податоци за студентите и останати дополнителни активности, поврзани со наставно-научниот процес на студентите и со евиденциско-административни задачи).

Кандидатката е член на Наставно-научниот совет при Универзитет „Гоце Делчев“ за периодот од 2007 до 2009 година и е член на Комисијата за нормативна дејност при Универзитетот „Гоце Делчев“, од 2007 година до денес.

Од приложената документација и досегашното работно искуство на Факултетот, синоптично е дека кандидатката м-р Кристина Мишева одлично зборува англиски јазик и има основно познавање од италијански јазик и од влашки јазик. Поседува одлични компјутерски вештини кои се неопходни за континуирано и непречено изведување на наставата. Понатаму, поседува беспрекорни организациски способности, како и одлична способност за тимска и индивидуална работа. Учествува на неколку домашни и интернационални семинари и обуки од областа на правото.

***Список настручни трудови***

1. *„Друштва за управување со отворени инвестициски фондови*" Зборник на Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип (во печат).
2. Интерна скрипта за вежби по предметот Право на друштвата, коавторство со м-р Борка Тушевска.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност дејност***

Од 2007 година изведува вежби и практична настава на Правен факултет при Универзитет „Гоце Дечев" - Штип, по следниве предмети: Вовед во правото (академска 2007/08 год. до денес), Социологија на правото (академска 2007/08 до 2008/09 год.), Право на друштвата (академска 2008/09 год. до денес), Финансово право (академска 2009/10 год. до денес), Реторика и право (академска 2007/08 год.).

Интерна скрипта за вежби по предметот Право на друштвата, коавторство со м-р Борка Тушевска, 2009 година, Кочани.

Магистерски труд „*Инвестициски фондови - правни аспекти*", 2009 година, Скопје.

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Тоше Панов** е роден на 26 април 1984 година во Кочани, каде завршува основно и средно образование. Своето образование го продолжува на Југозападниот универзитет „Неофит Рилски" во Благоевград, на Правно-историскиот факултет каде што се стекнува со професионална квалификација – **дипломиран правник**. По дипломирањето тој го продолжува своето образование на постдипломските студиии на истиот Факултет во 2008 година, каде се стекнува со академско звање **магистер со специјалност право**, со просечна оценка на диплома 4,00 (добар) и среден успех од испити 4,33 (Според законот на Република Бугарија највисока оценка е одличен 6 - шест, а најниска преодна оценка е среден 3 - три). Кандидатот, исто така, покрај бугарскиот го познава и англискит јазик (за што приложува и Уверение од курс по англиски јазик).

Согласно со Законот за високото образование на Р. Македонија, бидејќи има Решение за нострификација на дипломата стекната во странство со која се стекнал со академско звање магистер со специјалност право, но тоа не е бараната специјалност (област) согласно со објавениот Конкурс и нема работно искуство во високото образование, поради што овој кандидат делумно ги исполнува условите само за избор во соработник - помлад асистент, согласно со објавениот Конкурс.

***Биографски податоци***

Кандидатката **Деница Цебова-Радовановиќ** е родена на 13 април 1986 година во Кочани, каде завршува средно образование. По завршувањето на средното образование, во 2005 година се запишува на дисперзираните студии во Штип на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, каде дипломира во 2008 година со просечен успех 7 (седум).

По дипломирањето во 2009 година се запишува на мастер студиите на Правниот факултет во Кочани. Одлично ги владее францускиот и англискиот јазик. Има диплома за завршено високо образование дипломиран правник во траење од три години (180 кредити).

Кандидатката Деница Цебова-Радовановиќ е оспособена за работа со компјутер, има комуникативни способности за тимска работа, има шестмесечно работно искуство во издавачка куќа, но нема работно искуство во високото образование и нема магистратура,

поради што не ги исполнува условите, согласно со Законот за високото образование за избор во соработничко звање помлад асистент, согласно со објавениот Конкурс.

***Биографски податоци***

Кандидатката **Ефимија Вујовиќ** е родена на 1 мај 1986 година во Штип, каде завршува средно образование. Потоа се запишува на Правниот факултет во Скопје, каде дипломира со просечен успех 8,1, во 2009 година и се стекнува со стручен назив **дипломиран правник** (со 240 кредити).

По дипломирањето се запишува на постдипломски студии на Правниот факултет во Кочани. Ефимија Вујовиќ е оспособена за работа со компјутер, има способности за тимска работа, активно го владее англискиот јазик, има стажирано во адвокатска канцеларија и има работено во туристичка агенција, но нема работно искуство во високото образование.

Врз основа на приложените материјали и биографијата на пријавената кандидатка, Комисијата утврдувајќи ја подобноста на кандидатката, согласно со стекнатите академски звања, согласно со Законот за високото образование и условите предвидени со објавениот Конкурс за избор на еден соработник од областа на меѓународните правни дисциплини на Правниот факултет, констатира дека и оваа кандидатка не ги исполнува условите предвидени со Законот за високото образование.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложените материјали и биографиите на пријавените кандидати, утврдувајќи ја подобноста на кандидатите, стекнатите академски звања и научноистражувачката активност на пријавените кандидати, согласно со Законот и условите предвидени со објавениот Конкурс за избор на двајца соработници на Правниот факултет, за група предмети од областа на деловното право, Комисијата констатира дека условите предвидени со Законот за високото образование во целост не ги исполнуваат кандидатките Деница Цебова-Радовановиќ и Ефимија Вујовиќ, а делумно не ги исполнува ниту кандидатот м-р Тоше Панов.

Имено, кандидатките Деница Цебова-Радовановиќ и Ефимија Вујовиќ не се магистри на правни науки и немаат работно искуство во високото образование.

Исто така, Комисијата е на мислење дека и кандидатот м-р Тоше Панов иако донекаде формално ги исполнува условите согласно со Законот, бидејќи има нострифицирана странска диплома за завршени постдипломски студии со која се стекнал со академски степен магистер од областа на правото, сепак, согласно со Законот за високото образование на Република Македонија не може да биде избран за асистент, затоа што тој нема соодветна специјализација од областа на деловното право, нема просечен успех од студирањето над 8 (осум) и нема работно искуство во високото образование.

Комисијата смета дека за соработници - асистенти на група предмети од областа на деловното право, од пријавените кандидати Наставно-научниот совет на Правиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип да им даде доверба и да ги предложи за избор само кандидатите м-р Борка Тушевска и м-р Кристина Мишева. Релевантноста на оваа констатација на Комисијата во експлицитна форма може да се аргументира со следниве индикатори:

Кандидатката м-р Борка Тушевска е магистер на правни науки од областа на деловното право, со просечен оценка од втор циклус на студии 10. Таа со многу висок просек претходно го завршува и Правниот факултет во Скопје, има положено правосуден испит, има работено во адвокатска канцеларија, има тригодишно искуство како помлад асистент од областа на граѓанското и трговското право на Правниот факултет, има објавено неколку труда од областа на трговското и деловното право и има солидни способности за наставно-научната работа. Кандидаката м-р Борка Тушевска има запишано трет циклус на студии на Правниот факултет во Скопје, во својата работна средина ги докажува своите способности за комуникација и тимска работа, со што со право заслужува да биде ангажирана како асистент по група предмети од областа на деловното право на Правниот факултет при УГД.

Кандидатката м-р Кристина Мишева е магистер на правни науки од областа на деловното право, со просечен оценка од втор циклус на студии 9,4. Кандидатката м-р Кристина Мишева има тригодишно искуство како помлад асистент по теоретско-правни предмети и премети од областа финансовото право и право на друштвата на Правниот факултет при УГД.

Земајќи го предвид академскиот степен - магистер, успехот во текот на студирањето, работното искуство и широкиот дијапазон на научен интерес од областа на теоретко-правните науки, деловното и финансовото право и оваа кандидатка со право заслужува да биде ангажирана како асистент по група предмети од областа на деловното право на Правниот факултет при УГД.

Поради наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, за соработници на Правниот факултет, по група предмети од областа на деловното право, во соработничко звање - асистент да ги избере кандидатките м-р Борка Тушевска и м-р Кристина Мишева, согласно со објавениот Конкурс, извештајот и заклучокот на Рецензентската комисија.

Во прилог следува табела за активности при избор во звање за предложените кандидати.

**Табела за активности при избор во звање за м-р Борка Тушевска**

| **Ред. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | |
| 1. | Вежби ( неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период ) | 5 +5+10 | |
| | **Вкупно** | **14,4** | |

| **Ред. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | |
| 1. | Одбранет магистерски труд | 4 | |
| 2. | Скрипта за вежби | 2 | |
| | **Вкупно** | **6** | |

| **Ред. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | |
| 1. | Трудови во зборници и научно-стручни списанија | 10 | |
| 2. | Член на факултетски орган - ННС (2007-2009) | 2 | |
| 3. | Објавена МОНОГРАФИЈА | 10 | |
| | **Вкупно** | **22** | |
| | | | |

| | |
|---|---|
| **Вкупно** | **42,4 поени** |

**Табела за активности при избор во звање за м-р Кристина Мишева**

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјата | |
| 1. | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 5<br>5<br>10 | |
| | **Вкупно** | **20** | |
| | | | |

| Ред. бр. | Научноистражувачка дејност и Стручно-уметнички активности | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | |
| 1. | Одбранет магистерски труд | 4 | |
| 2. | Скрипта за вежби | 2 | |
| | **Вкупно** | **6** | |
| | | | |

| Ред. бр. | Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | |
| 1. | Труд во зборник од трудови | 2 | |
| 2. | Член на факултетски орган - ННС ( 2007-09) | 2 | |
| 3. | Члена на универзитетски орган, комисија | 5 | |
| | **Вкупно** | **9** | |
| | | | |

| | |
|---|---|
| **Вкупно** | **35 поени** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**1. Д-р Стеван Алексоски – редовен професор (претседател), с.р.**
**Д-р Војо Беловски – доцент (член), с.р.**
**Д-р Љупчо Блажевски - доцент (член), с.р.**